**ВИШО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**А.бр.0302-24/24**
**06.02.2024 година**
**Гостивар**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, 231/15 и 11/16 ) Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар, донесе

## О Д Л У К А
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр.1/2023 објавен во дневните весници „Нова Македонија, „Коха“ и „Вечер“ за вработување на јавнообвинителски службеник во Вишото јавно обвинителство Гостивар, на работно место со звање В3 Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право 1 - извршител, врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

    **Ејдина Руфати**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

## О б л а з л о ж е н и е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија, „Коха“ и „Вечер“ објави јавен оглас бр.1/2023 за пополнување на работно место со звање В3 Стручен јавнообвинителски соработник за казнено право 1 - извршител во Вишото јавно обвинителство Гостивар.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 1/2023 врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласна табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, до Советот на јавнообвинителската служба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ВИШ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Faik Arsllani**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Јавното обвинителство на РСМ
- Одделение за управување со човечки ресурси.
- Избраниот кандидат
- Архива на ВЈО Гостивар